# ЗНМ БАРА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ИНЦИДЕНТОТ СО ПОРТПАРОЛКАТА НА ГРАД СКОПЈЕ И НОВИНАРОТ ОД СИТЕЛ ТЕЛЕВИЗИЈА

Share
Tweet



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) реагира во однос на вчерашниот инцидент кој се случил по седницата од која новинарот Мартин Арсов од ТВ Сител известувал и бара од администрацијата на Градот да го расчисти до крај случајот, за да нема шпекулации во јавноста но и ризик од слични инциденти во иднина.

Според изјавата на Арсов, тој откако завршил со вклучувањето во живо во вестите на ТВ Сител, бил навредуван и физички нападнат од страна на лицето задолжено за односи со јавност во Град Скопје, Кристина Депо, за што тој објави: „Откако

завршив со вклучувањето, ми рече дека е незадоволна оти сум кажал само дел од соопштениеto што го напишала, а не целото. Кога се доближив до неа, замавна и ми го удри телефонот“.

Денеска до ЗНМ пристигна демант од Град Скопје во кој има изјава од портпаролката Депо, каде што се отфрлаат тврдењата на колегата Арсов во врска со инцидентот:

„Во конкретниот случај за настанот кој се случи на 31.08.2023 година околу 16:22 часот во Советот на Град Скопје новинарот Мартин Арсов буквално изнесе лаги во средствата за јавно информирање клеветејќи ме мене, Кристина Депо дека бил физички нападнат. Јас и Градот категорично ги отфрламе изнесените лаги од страна на новинарот Мартин Арсов“ – вели портпаролката во нејзината изјава.

Укажуваме дека службениците кои се одговорни за односи со јавноста на градската администрација треба да одржуваат коректен пристап во комуникација кон новинарите со цел градење на меѓусебна доверба и почит а во интерес на информирањето на граѓаните. Тие како и сите останати службеници од централната и локалната власт не смеат да се ставаат во улога на рецензенти во искажаните зборови на новинарите зошто на тој начин се прави притисок во известувањето и се оневозможува професионалното работење. Доколку било кој службеник има забелешки за работата на новинарите на располагање ги имаат само регулативните механизми каде може да доставаат претставка до Советот на честа при ЗНМ или Советот за етика на медиумите во Македонија.

Истовремено укажуваме и на новинарите дела доколку сериозно им се попречува работата или пак се предмет на физички напад, случајот веднаш да го пријават во ЗНМ и во Министерството за внатрешни работи со цел да следат соодветни постапки за утврдување на одговорност.

Потсетуваме дека загрозување на сигурноста на медиумските работници во професионално вршење на новинарска дејност со последните измени од законот претставуваат кривично дело.

Администратор 01/09/2023 15:28

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ



**Протест пред Влада за случајот со Клиниката за Онкологија (/Home/PostDetails?PostId=557440)**



**Пензионерите протестираа цело лето, Тренчевска се фали дека имало историски најголем раст на пензиите (/Home/PostDetails?PostId=557439)**



**Повик за дизајн на лого за 30-годишнината од дипломатските односи помеѓу Јапонија и Македонија (/Home/PostDetails?PostId=557437)**



**Ослободувањето на криминалци за ДУИ е хуман чин, партијата ќе го поддржи Законот за амнестија (/Home/PostDetails?PostId=557413)**



**Отворен нов дел во Психијатриската болница „Скопје“ со капацитет за 68 пациенти (/Home/PostDetails?PostId=557399)**



**Меџити вели дека детето со аутизам било врзувано само кога било опасно за себе и за другите (/Home/PostDetails?PostId=557396)**




**17 годишно дете со аутизам врзувано со синџири во психијатријата во Демир Хисар (/Home/PostDetails?PostId=557395)**




**Во Арачиново ќе се гради музеј на УЧК (/Home/PostDetails?PostId=557394)**



**Лундгрен: Во ЕУ сме расположени за проширување, искористете го моментумот (/Home/PostDetails?PostId=557392)**

Makpress.mk
47,680 followers

Follow Page Share

Makpress.mk
about 3 weeks ago

Обединетите нации соопштија дека одгледувањето на кока во Колумбија минатата година достигна рекордно ниво.

Вестите, содржините и фотографиите на интернет страницата MakPress.mk може да се користат само за лично информирање.
Не е дозволено превземање, користење, пренесување и реобјавување на вестите, содржините и фотографиите без посебна дозвола или склучен договор со MakPress.mk